

Алилица е пештера која се наоѓа на неколку километри источно од Тресонче.

**Спореднпрвотопредание.**

Си бил некој овчар по име Алил, кој во месноста Гуменце си ги чувал овците и шилежињата.

Овците оттаму презимувале во солунско, крај реката Галик, а шилежињата останувале во Гуменце. Но, Алил се покажал голем арамија, па ги крадел јагнињата што останувале во планината. Ги колел едно по едно и ги пуштал кон Тресонче по реката, каде ги дочекувала сестра му. Сточарите го забележале, па и него го отепале и го фрлиле во пештерата, што подоцна ја завикале Алилица.

**Спореддвторотопредание, востаровремесибилнекојАлилПаша**.

Еден ден се враќал од собирање арач (данок), но во близина на пештерата го нападнале арамии. Тој го засолнил азното во пештерата, па според некои кажувања после се вратил и си го земал, а според други, азното сé уште е некаде во пештерата?!

**Споредтретаталегенда, сибиланекојаЛилакојаисчезнала.**

Селаните тргнале да ја бараат и викале: "Ооо, Лилице, ааа Лилице, а-лилице, Алилице!!!" Не се знае дали Лилица некој некогаш ја пронашол.